РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-512/7
10.12. 2025 год.-viti
Скопје - Shkup

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: | 16.12.2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | -430 | /12 | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 43 седница одржана на 27.11.2025 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма „Наставна географија" прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1.Се акредитира студиската програма „Наставна географија" прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024).

2.Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 240 ЕКТС кредити и со стручен назив: Дипломиран географ /во меѓународен промет, стручен, назив: Bachelor of Geography.
Научно - истражувачко подрачје: 1 Природни науки; Научно – истражувачко поле: 105 Географија, Научно – истражувачка област: 10500 Географија.

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 10 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-430/7 од 02.07.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Наставна географија" прв циклус на академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС), на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.02-430/9 од 03.07.2025 година (наш бр. 08 - 512/1 од 08.07.2025 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 34-та седницата одржана на 24.07.2025 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр.08 – 512/6 од 28.11.2025 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 245/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 91/2024). Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 43-та седница одржана на 27.11.2025 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 512/9
04.02. 20 26 год.-viti
Скопје - Shkup

Република Северна Македонија
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ПРИРОДНО МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ

| Примено: 11. 2. 2026 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг.един. | Број | Прилог | Вредност |
| 02 | 430/14 | | |

Врз основа на член 97 од Законот за општа управна доапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/15, Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на Својата 45 седница одржана на 30.12.2025 година, донесе

РЕШЕНИЕ
за исправка на Решението бр 08-512/7 од 10.12.2025 година

1. Се врши исправка на Решението за акредитација на студиската програма „Наставна географија", прв циклус академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, со бр. бр 08-512/7 од 10.12.2025 година, донесена од страна на Одборот за акредитација на високото образование.

2. Во Решението за акредитација на студиската програма „Наставна географија", прв циклус академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, со.бр. 08-512/7 од 10.12.2025 година, донесена од страна на Одборот за акредитација на високото образование, во точка 3 наместо **Научно – истражувачко поле 105 Географија, Научно - истражувачка област 10500 Географија,** треба да стои **Научно – истражувачко поле Науки за Земјата и сродни науки за животната средина, Научно -истражувачка област: 1.05.00.01 Географија и сите други области од 1.05.00.,** и во точка 4 наместо **Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 10 студенти,** треба да стои **Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 50 студенти.**

3. Исправката произведува правно дејство од денот од кој производува правно дејство на Решението за акредитација на студиската програма „Наставна географија", прв циклус академски студии - додипломски студии (240 ЕКТС) на Прирордно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, со бр. бр 08-512/7 од 10.12.2025 година, донесена од страна на Одборот за акредитација на високото образование.

**О б р а з л о ж е н и е**

На барање на Природно - математички факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје заради техничка грешка во решението за акредитација на Одбор за акредитација при изготвување на извештајот за акредитација во точка 3 наместо **Научно – истражувачко поле 105 Географија, Научно - истражувачка област 10500 Географија,** треба да стои **Научно – истражувачко поле Науки за Земјата и сродни науки за животната средина, Научно -истражувачка област: 1.05.00.01 Географија и сите други области од 1.05.00.,** и во точка 4 наместо **Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 10 студенти,** треба да стои **Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 50 студенти.**

Врз основа на горенаведеното, Одборот за акредитација на високото образование одлучи како во диспозитивот на решението.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски